Врз основа на член 39 став (3) од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и во средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19), министерката за образование и наука донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за изменување на Правилникот за норматив за стручните соработници во основно односно средно образование**

**Член 1**

Во Правилникот за норматив за видот на образованието на стручните соработници во основно односно средно образование бр. 18-14026/1 од 18.11.2022 година, членот 2 се менува и гласи:

„Стручен соработник педагог во основно и средно образование може да биде:

- лице дипломиран педагог со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или VII 1 степен, односно VI A ниво од Македонската рамка на високообразовни квалификации, кое соодветствува на ниво 6 од Европската рамка на квалификации,
- лице дипломиран социјален педагог со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или VII 1 степен, односно VI A ниво од Македонската рамка на високообразовни квалификации, кое соодветствува на ниво 6 од Европската рамка на квалификации,
- лице дипломиран социјален и рехабилитациски педагог со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или VII 1 степен, односно VI A ниво од Македонската рамка на високообразовни квалификации, кое соодветствува на ниво 6 од Европската рамка на квалификации.“

**Член 2**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

**Министерка за образование и наука,**
**проф. д-р Весна Јаневска, с.р.**

**Бр. 18-9524/4**
**23.07.2026 година**